ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (ТФСМ)

ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА

Тениска Федерација на Северна Македонија
Бр. 03-85/1
16.11. 2026 год.
Скопје 1

Скопје, 16.11.2026 година

О Д Л У К А

за изрекување дисциплинска казна

Дисциплинската комисија при Тенискатa федерација на Северна Македонија (ТФСМ), постапувајќи по Предлогот за поведување дисциплинска постапка поднесен од Антонио Радојничкиќ, Администратор и Претседател на Судиско-натпреварувачкиот комитет при ТФСМ, против лицето Дејан Крстевски, родител на натпреварувачката Деа Крстевска, член на ТК Битола, врз основа на член 13, точка г.), член 14, точка г.) и член 15, од Дисциплинскиот правилник на ТФСМ, на седницата одржана на 16.11.2026 година, ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. СЕ УТВРДУВА дека лицето Дејан Крстевски, родител на натпреварувачката Деа Крстевска, член на ТК Битола, сторило дисциплински прекршок – повреда на правилата за однесување и недолично и неспортско однесување, согласно член 13, точка г) од Дисциплинскиот правилник на ТФСМ, преку упатување навредливи и заканувачки пораки во писмена и звучна форма кон лица вклучени во работата на ТФСМ, на ден 21.10.2026 година.

2. За сторениот дисциплински прекршок, на лицето Дејан Крстевски МУ СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска казна:

„Забрана за присуствување на сите натпревари од Календарот на ТФСМ (домашни и меѓународни - Tennis Europe, World Tennis, ATP и WTA) во траење од 6 месеци започнувајќи од 01.12.2026“, согласно член 14, точка г) од Дисциплинскиот правилник на ТФСМ.“

3. Оваа Одлука се доставува до лицето против кое е поведена дисциплинската постапка. Казната започнува да тече од денот на правосилноста на одлуката, односно по завршување на жалбената постапка, доколку биде поднесена жалба.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 28.10.2026 година, до Тенискатa федерација на Северна Македонија беше доставен Предлог за поведување дисциплинска постапка од страна на Антонио Радојничкиќ, Администратор и Претседател на Судиско-натпреварувачкиот комитет при ТФСМ, против лицето Дејан Крстевски, родител на натпреварувачката Деа Крстевска, член на ТК Битола.

Предлогот беше поднесен поради недолично однесување, навреди и заканувачки пораки упатени преку Viber комуникација, во писмена и звучна форма, на ден 21.10.2026 година.

Како докази кон предлогот беа доставени исечоци од писмената комуникација, како и говорни пораки, кои се составен дел на предметната документација.

По разгледување на доставениот предлог и доказите, Дисциплинската комисија на ден 03.11.2026 година донесе одлука за поведување дисциплинска постапка и му овозможи на лицето против кое се води постапката да достави писмено изјаснување во однос на наводите.

На ден 03.11.2026 година, Комисијата го прими писменото изјаснување на Дејан Крстевски, во кое тој изнесува повеќе околности поврзани со неговите несогласувања со Федерацијата, односите со одредени лица, функционирањето на клубот АТК, како и незадоволство во врска со пријавувањето на неговото дете за тениски турнир.

Комисијата го разгледа доставеното писмено изјаснување и констатира дека истото претставува претежно осврт на претходни наводни случувања и лични несогласувања со Федерацијата, без конкретно произнесување во однос на содржината, начинот и околностите под кои биле упатени пораките што се предмет на дисциплинската постапка.

Комисијата особено укажува дека секое лице има право да изрази незадоволство од одредени одлуки, да укаже на неправилности или да побара преиспитување на постапувањето на Федерацијата. За таа цел постојат соодветни институционални и правни механизми кои подразбираат аргументирана, достоинствена и професионална комуникација.

Меѓутоа, личните несогласувања, незадоволството од одредени постапки или евентуалните неправилности не можат да бидат оправдување за навредливо, заканувачко, недолично и неспортско однесување кон други лица.

Врз основа на извршениот увид во доставените докази, Комисијата посебно ја ценеше содржината на писмените и говорните пораки, нивниот контекст и начинот на комуникација, како и доставеното писмено изјаснување на лицето против кое се води постапката. Комисијата смета дека ваквиот начин на однесување е особено неприфатлив во спортска средина, во која мора да се почитуваат принципите на достоинство, меѓусебно почитување, фер однос и заштита на сите учесници во спортскиот процес.

Комисијата утврди дека наведеното однесување претставува повреда на правилата за однесување и недолично и неспортско однесување на родител на натпреварувач, согласно член 13, одредба г.), од Дисциплинскиот правилник на ТФСМ.

При определувањето на дисциплинската казна, Комисијата ги ценеше тежината на утврденото однесување, содржината на пораките и околностите под кои истите биле упатени, како и потребата од заштита на достоинството, интегритетот и професионалното функционирање на лицата вклучени во организацијата и спроведувањето на тениските натпревари.

Врз основа на сето наведено, Комисијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА

Против оваа Одлука, лицето Дејан Крстевски има право на жалба до Управниот одбор на Тениската Федерација на С.Македонија, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одлуката, согласно член 18 од Дисциплинскиот правилник на ТФСМ.

Одлуката на Управниот одбор по поднесената жалба е конечна.

ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА

Претседател на Комисијата:

Јован Марић



Член на Комисијата:

Дејан Деспотовски



Член на Комисијата:

Зоран Марков

